INVESTMENT INCENTIVE AGREEMENT

THE GOVERNMENTS OF THE STATES PARTICIPANTS BY EXCHANGE OF DIPLOMATIC NOTES TO WHICH THIS AGREEMENT IS ATTACHED

AFFIRM their common desire to encourage economic activities in the territory of Second Party that promote the development of the economic resources and productive capacities of Second Party; and

RECOGNIZE that this objective can be promoted through investment support provided by the Overseas Private Investment Corporation ("OPIC"), a development institution and an agency of the United States of America, in the form of investment insurance and reinsurance, debt and equity investments and investment guaranties,

AGREE as follows:

ARTICLE 1

As used in this Agreement, following terms have the meanings herein provided. The term "Investment Support" refers to any debt or equity investment, any investment guaranty and any investment insurance or reinsurance which is provided by the Issuer in connection with a project in the territory of Second Party. The term "Issuer" refers to OPIC and any successor agency of the United States of America, and any agent of either. The term "Taxes" means all present and future taxes, levies, imposts, stamps, duties and charges imposed by the Government of Second Party and all liabilities with respect thereto.

ARTICLE 2

(a) The Issuer shall not be subject to regulation under the laws of Second Party applicable to insurance of financial organizations.

(b) All operations and activities undertaken by the Issuer in connection with any Investment Support, and all

payments, whether of interest, principal, fees, dividends, premiums or the proceeds from the liquidation of assets or of any other nature, that are made, received or guaranteed by the Issuer in connection with any Investment Support shall be exempt from Taxes. The Issuer shall not be subject to any Taxes in connection with any transfer, succession or other acquisition which occurs pursuant to paragraph (c) of this Article or Article 3(a) hereof. Any project in connection with which Investment Support has been provided shall be accorded tax treatment no less favorable than that accorded to projects benefiting from the investment support programs of any other national or multilateral development institution which operates in the territory of Second Party.

(c) If the Issuer makes a payment to any person or entity, or exercises its rights as a creditor or subrogee, in connection with any Investment Support, the Government of Second Party shall recognize the transfer to, or acquisition by, the Issuer of any cash, accounts, credits, instruments or other assets in connection with such payment or the exercise of such rights, as well as the succession of the Issuer to any right, title, claim, privilege or cause of action existing, or which may arise, in connection therewith.

(d) With respect to any interests transferred to the Issuer or any interests to which the Issuer succeeds under this Article, the Issuer shall assert no greater rights than those of the person or entity from whom such interests were received, provided that nothing in this agreement shall limit the right of the Government of First Party to assert a claim under international law in its sovereign capacity, as distinct from any rights it may have as the Issuer pursuant to paragraph (c) of this Article.

ARTICLE 3

(a) Amounts in the currency of Second Party, including cash, accounts, credits, instruments or otherwise, acquired by the Issuer upon making a payment, or upon the exercise of its rights as a creditor, in connection with any Investment Support provided by the Issuer for a project in the territory of Second Party, shall be accorded treatment in the territory of Second Party no less favorable as to use and conversion than the treatment to which such funds would have been entitled in the hands of the person or entity from which the Issuer acquired such amounts.

(b) Such currency and credits may be transferred by the Issuer to any person or entity and upon such transfer shall be freely available for use by such person or entity in the territory of Second Party in accordance with its laws.

ARTICLE 4

(a) Any dispute between the Government of First Party and the Government of Second Party regarding the interpretation of this Agreement or which, in the opinion of either party hereto, presents a question of international law arising out of any project or activity for which Investment Support has been provided shall be resolved, insofar as possible, through negotiations between the two Governments. If, six months following a request for negotiations hereunder, the two Governments have not resolved the dispute, the dispute, including the question of whether such dispute presents a question of international law, shall be submitted, at the initiative of either Government, to an arbitral tribunal for resolution in accordance with paragraph (b) of this Article.

(b) The arbitral tribunal referred to in paragraph (a) of this Article shall be established and shall function as follows:

(i) Each Government shall appoint one arbitrator. These two arbitrators shall by agreement designate a president of the tribunal who shall be a citizen of a third state and whose appointment shall be subject to acceptance by the two Governments. The arbitrators shall be appointed within three months, and the president within six months, of the date of receipt of either Government's request for arbitration. If the appointments are not made within the foregoing time limits, either Government may, in the absence of any other agreement, request the Secretary-General of the International Center for the Settlement of Investment Disputes to make the necessary appointment or appointments. Both Governments hereby agree to accept such appointment or appointments.

(ii) Decisions of the arbitral tribunal shall be made by majority vote and shall be based on the applicable principles and rules of international law. Its decision shall be final and binding.

(iii) During the proceedings, each Government shall bear the expense of its arbitrator and of its representation in

the proceedings before the tribunal, whereas the expenses of the president and other costs of the arbitration shall be paid in equal parts by the two Governments. In its award, the arbitral tribunal may reallocate expenses and costs between the two Governments.

(iv) In all other matters, the arbitral tribunal shall regulate its own procedures.

ARTICLE 5

(a) This Agreement shall enter into force on the date on which the Government of Second Party notifies the Government of First Party that all legal requirements for entry into force of this Agreement have been fulfilled.

(b) This Agreement shall continue in force until six months from the date of a receipt of a note by which one Government informs the other of an intent to terminate this Agreement. In such event, the provisions of this Agreement shall, with respect to Investment Support provided while this Agreement was in force, remain in force so long as such Investment Support remains outstanding, but in no case longer than twenty years after the termination of this Agreement.

IN WITNESS WHEREOF, the undersigned, duly authorized by their respective Governments, have signed this Agreement.

DONE in Skopje on the 5 day of April, 1996, in duplicate in the English and Macedonian languages, both texts being equally authentic.

FOR THE GOVERNMENT OF FIRST PARTY

Victor D. Comras
Chief of Mission

FOR THE GOVERNMENT OF SECOND PARTY

Ljubomir Frckoski
Minister for Foreign Affairs

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ
Republic of Macedonia
MINISTRY OF FOREIGN AFFAIRS

Број/No.: 1301-2014/1

Министерството за надворешни работи на Република Македонија го изразува своето почитување на Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Скопје и има чест да го потврди приемот на нејзината Нота бр. 007 од 5.4.1996 година, и во име на Владата на Република Македонија да изрази согласност со Договорот за поттикнување на инвестициите, потпишан од страна на Владите на Република Македонија и Соединетите Американски Држави на 5.4.1996 година во Скопје, а кој претставува составен дел на гореспоменатата и оваа Нота.

Договорните страни понатаму ќе превземат активности со цел склучување меѓудржавни договори за унапредување и заштита на инвестициите на инвеститорите на едната договорна страна на територијата на другата договорна страна, како и договор за одбегнување на двојното оданочување во однос на приходи и капитал.

Министерството за надворешни работи, во име на Владата на Република Македонија е согласно гореспоменатата Нота на Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Скопје и оваа Нота заедно со потпишаниот текст на Договорот за поттикнување на инвестициите да претставуваат договор меѓу двете Влади.

Министерството за надворешни работи на Република Македонија ја користи и оваа прилика на Амбасадата на Соединетите Американски Држави повторно да и ги пренесе изразите на своето високо почитување.

Скопје, 5 април 1996 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ 1. СКОПЈЕ

АМБАСАДА НА
СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ

СКОПЈЕ

ДОГОВОР ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИИ

ВЛАДИТЕ НА ДРЖАВИТЕ-СТРАНИ НА ОВОЈ ДОГОВОР ПРЕКУ РАЗМЕНА НА НОТИ, КОН КОИ Е ПРИЛОЖЕН ОВОЈ ДОГОВОР

ЈА ПОТВРДУВААТ нивната заемна желба да ги поттикнат стопанските активности на територијата на Втората страна, а кои активности го имаат за цел развојот на стопанските потенцијали и производните капацитети на Втората страна; и

ИМАЈЌИ ПРЕДВИД дека оваа цел може да се постигне преку поддршка на инвестициите од страна на Корпорацијата за приватни инвестиции во странство ("КПИС")-Overseas Private Investment Corporation ("OPIC"), развојна институција и агенција на Соединетите Американски Држави, и тоа во форма на осигурување и реосигурување на инвестиции, инвестиции за долгови или акциски капитал и гаранции на инвестиции,

СЕ ДОГОВОРИЈА за следново:

ЧЛЕН 1

Следниве термини, онака како што се употребени во овој Договор, ќе го имаат значењето што е тука наведено. Терминот "поддршка на инвестициите" се однесува на сите инвестиции за долгови или акциски капитал, на сите гаранции на инвестиции или на сите осигурувања или реосигурувања на инвестициите што ги обезбедува Издавачот, а се наменети за проекти на територијата на Втората страна. Терминот "Издавач" се однесува на КПИС и на било која агенција на Соединетите Американски Држави што ќе ја наследи и на било кој нивен застапник. Терминот "давачки" ќе се однесува на сите сегашни и идни даноци, уплати, давачки, административни такси, давачки и побарувања што ги наметнува Владата на Втората страна и на сите долгови што произлегуваат од нив.

ЧЛЕН 2

(а) На Издавачот нема да се применуваат одредбите од законите на Втората страна што се однесуваат на осигурителните или финансиски организации.

(б) Севкупното работење и сите активности што ги презема Издавачот во врска со поддршката на инвестициите и сите плаќања за камати, главницата, давачки, дивиденди, премии или заработка од ликвидацијата на средствата или средства од друг вид, што ќе

бидат извршени, примени или гарантирани од страна на Издавачот, а во врска со поддршката на инвестиции ќе бидат ослободени од давачки. Издавачот нема да подлежи на било какви давачки во врска со трансферот, наследувањето или во врска со набавки што ќе настанат според став (в) од овој член или според членот 3(а) од овој Договор. Секој проект за кој се обезбедува поддршка на инвестиции ќе има таков даночен третман што не е понеповолен од оној што се доделува на проекти што произлегуваат од програми за поддршка на инвестиции на било која друга национална или меѓународна развојна институција што работи на територијата на Втората страна.

(в) Доколку Издавачот изврши плаќање на приватно или правно лице, или доколку ги искористи своите права како кредитор или корисник на права што му се отстапени во врска со било кој вид на поддршка на инвестициите, Владата на Втората страна ќе ги признае трансферот или набавката од страна на Издавачот на готови пари, средства од сметки, кредити, побарувања или други средства во врска со таквото плаќање или во врска со користењето на таквите права, како и во врска со наследувањето од страна на Издавачот на сите права, право на посед, побарувања, бенефиција, како и причините за дејства што веќе постојат или ќе произлезат во врска со тоа.

(г) Во врска со сите камати што ќе му бидат префлени на Издавачот или што ќе ги наследи според овој член, Издавачот нема да користи права поголеми од оние на правните или физичките лица од кои ги добил тие камати, под услов ништо што е содржано во овој Договор да не ги ограничи правата на Владата на Првата страна да ги наплати побарувањата според меѓународниот закон, на што пак има суверено право, а што не се однесуваат на правата што ги има Издавачот според став (в) од овој член.

ЧЛЕН 3

(а) Паричните средства изразени во валутата на Втората страна, вклучувајќи готови пари, сметки, кредити, побарувања или слично со кои ќе се здобие Издавачот при плаќањата или пак при искористување на своите права како кредитор, а во врска со поддршката на инвестициите за проекти на територијата на Втората страна, при нивното користење или менување, на територијата на Втората страна ќе имаат третман што не е понеповолен од оној што се применува за средствата на приватните или физички лица од кои Издавачот се здобил со такви средства.

(б) Таквата валута или кредити можат да се префрлат од страна на Издавачот на било кое приватно или физичко лице и при таквото префрлање тие ќе можат слободно да се користат од страна на таквите правни и физички лица на територијата на Втората страна во согласност со нејзините закони.

ЧЛЕН 4

(а) Било каков спор меѓу Владата на Првата страна и Владата на Втората страна во врска со толкувањето на овој Договор или спор што според мислењето на било која страна од овој Договор претставува проблем од областа на меѓународното право, а што произлегува од било кој проект или активност за кои биле обезбедени средства од поддршката на инвестиции ќе бидат разрешени, доколку е можно, низ преговори меѓу двете Влади. До колку во рок од шест месеци од датумот на барањето за преговори, двете Влади не го разрешиле спорот, што може да се однесува и на самото прашање дали спорот е од областа на меѓународното право, тогаш спорот ќе биде поднесен на арбитражен суд за решавање во согласност со став (б) од овој член.

(б) Арбитражниот суд споменат во став (а) од овој член ќе биде воспоставен и ќе функционира на следниов начин:

(i) Секоја од Владите ќе наименува по еден арбитер. Овие два арбитри, преку договор, ќе наименуваат претседател на судот кој ќе биде државјанин на трета држава и чие наименување ќе подлежи на одобрување од страна на двете Влади. Арбитрите ќе бидат наименувани во рок од три месеци, а претседателот во рок од шест месеци од датата на приемот на барањето за арбитража од страна на било која од Владите. Доколку овие наименувања не се извршат во горенаведениот период, секоја од Владите може, во одсуство на било каков договор, да побара од Генералниот секретар на Меѓународниот центар за разрешување на инвестициони спорови да го изврши потребното наименување или наименувања.

(ii) Одлуките на арбитражниот суд ќе се донесуваат со мнозинство на гласови и ќе се засноваат врз принципите и правилата што се применуваат според меѓународното право. Неговата одлука ќе биде конечна и обврзувачка.

(iii) Во текот на постапката секоја од Владите ќе ги сноси трошоците за својот арбитер и за неговата работа во постапката пред арбитражниот суд, додека трошоците за претседателот и другите трошоци за судењето ќе бидат платени во подеднакви износи од страна на двете Влади.

(iv) За сите други прашања арбитражниот суд ќе постави свои правила.

ЧЛЕН 5

(а) Овој Договор ќе стапи во сила на датумот на кој Владата на Втората страна ќе ја извести Владата на Првата страна дека сите правни процедури потребни за стапување во сила на овој Договор се исполнети.

(б) Овој Договор ќе остане во сила во рок од шест месеци од датумот на приемот на известувањето со кое едната Влада ја информира другата за намерата за раскинување на овој Договор. Во таков случај одредбите од овој Договор, а во врска со поддршката на инвестициите обезбедена за време на важноста на овој Договор, ќе бидат во сила така долго колку е потребно да се привршат финансиските активности за поддршка на инвестициите, но во никој случај подолго од дваесет години по раскинувањето на овој Договор.

ВО СВЕДОШТВО НА ТОА, долупотпишаните, соодветно овластени од нивните Влади го потпишаа овој Договор.

ПОТПИШАНО во Скопје на 5 април 1996 година во два примерока на англиски и на македонски јазик, со подеднаква важност.

ЗА ВЛАДАТА НА ПРВАТА СТРАНА

Виктор Д. Комрас
Шеф на Мисија

ЗА ВЛАДАТА НА ВТОРАТА СТРАНА

Љубомир Фрчкоски
Министер за надворешни работи